**Анализа на финансиските резултати на НЛБ Банка Скопје**
**за периодот 01.01 – 30.06.2023 година**

Во периодот од 1.1.2023 до 30.06.2023 година, НЛБ Банка Скопје работеше согласно усвоената Деловна политика на Банката за 2023 година.

Во анализираниот период, Банката оствари нето добивка во износ од 1.451.175 илјади МКД, што претставува зголемување за 4,0% во однос на остварената нето – добивка истиот период претходната година. Зголемувањето се должи на континуирани продажни активности на кредитните продукти со посебен фокус на домаќинствата, микро, малите и средни претпријатија како и зголемен број на корисници на платните и платежни сервиси на Банката.

Во првата половина од годинава, НЛБ Банка доби три признанија од картичниот партнер Visa - една од најголемите платежни мрежи во светот и глобален бренд во дигиталните плаќања, од кои едно за исклучителни деловни перформанси и две признанија за извонредни Visa спонзорски активации: за светското првенство во фудбал во Катар, како и за последното филмско остварување на Милчо Манчевски, „Кајмак". За донацијата наменета за настраданото население по земјотресите во Сирија и Турција, на свечената церемонија по повод 78 години од постоењето на организацијата на Црвениот крст на РСМ на НЛБ Банка и беше доделена Благодарница во знак на признание за несебичниот придонес, покажаната хуманост и солидарност. Дополнително, реномираниот финансиски магазин EMEA Finance по 7-ми пат ја избра НЛБ Банка Скопје за „Најдобра банка во Македонија за 2022 година", што е значајна потврда за успешното работење на Банката.

Банката е системски значајна банка врз основа на Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки на Народната банка на Р.С.Македонија, со силна пазарна позиција и висок пазарен удел во банкарскиот сектор на Република С.Македонија.

## Биланс на состојба

Заклучно со 30.06.2023 година **билансната сума** изнесува 110.737.217 илјади МКД, односно се намали за 1.960.806 илјади МКД или 1,7% во однос на 31.12.2022 година.

**Паричните средства и паричните еквиваленти** изнесуваат 18.930.828 илјади МКД и бележат намалување од 9,2% во однос на 31.12.2022 година.

**Кредитите и побарувањата од банки** бележат намалување од 225 илјади МКД во однос на 31.12.2022 година.

Вкупните **Кредити кај небанкарскиот сектор** изнесуваат 72.119.035 илјади МКД и бележат зголемување од 1,5% во однос на 31.12.2022 година. Зголемувањето произлегува од зголемување кај кредитирањето во секторот домаќинства за 4,4% во однос на 31.12.2022 година како резултат на пораст кај потрошувачките и станбените кредити.

**Вложувањата во хартии од вредност** изнесуваат 15.476.813 илјади МКД и се намалени за 5,6% во однос на 31.12.2022 година поради помало вложување во државни записи.

**Преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања** се намалени за 10,6% во однос на 31.12.2022 година.

**Вкупните депозити (депозити на комитенти и депозити на банки)** изнесуваат 89.424.891 илјади МКД и во однос на 31.12.2022 година се намалени за 1,2%.

Намалувањето се должи на намалување на тековните сметки на нефинансиските правни лица за 10,3%.

**Обврски по кредити и субординирани обврски** се намалени за 180.269 илјади МКД заради намалување на износ на кредити од кредитната линија РБСМ.

**Акционерскиот капитал и резервите на Банката** се намалени за 3,4% и изнесуваат 15.048.735 илјади МКД.

## Биланс на успех

**Нето каматните приходи**, заклучно со 30.06.2023 година се повисоки за 25,3% споредено со претходната година, при што **приходите од камати** се повисоки за 25,2%, главно поради пораст на портфолиото во секторот домаќинства како и пораст на референтните стапки, додека **расходите за камати** се повисоки за 25,1% главно поради пораст на каматните стапки по основ на субординирани обврски, кредитни линии и депозити.

**Нето приходите од провизии** се повисоки за 7,1% споредено со претходната година, при што **приходите од провизии** се зголемени за 6,3% како резултат на зголемени приходи од реализирани трансакции со картички и картично порамнување, повисоки приходи од услуги во платен промет во земјата и странство и повисоки приходи од работење со трансакциски сметки. **Расходите за провизии** се зголемени за 5,4%, главно поради повисоки расходи од картично работење кон меѓународните картични системи.

**Останатите некаматни приходи** изнесуваат 345.619 илјади МКД и се намалени во однос на претходната година за 13,0%.

**Вкупните приходи од работењето** изнесуваат 2.898.072 илјади МКД и се повисоки за 14,9% во однос на претходната година најмногу поради повисоки каматни приходи.

**Вкупните оперативни трошоци** изнесуваат 1.221.856 илјади МКД и се зголемени за 10,4%, при што трошоците за вработени се повисоки за 21,1%, трошоците за амортизација се пониски за 1,2%, а останатите расходи од дејноста се повисоки за 3,4% во однос на истиот период претходната година.

Заклучно со 30.06.2023 година, пресметани се **Исправки на вредноста на финансиските средства и вонбилансната изложеност** на нето основа во износ од 42.105 илјади МКД.

**Бруто добивката** на Банката заклучно со 30.06.2023 година изнесува 1.612.417 илјади МКД и е зголемена за 4,0% во однос на претходната година.

**Нето добивката** на Банката заклучно со 30.06.2023 година изнесува 1.451.175 илјади МКД и е зголемена за 4,0% во однос на претходната година.

## Очекувања за претстојниот период

Во претстојниот период се очекува да се одржи макроекономската стабилност на државата, преку постепеното забавување на годишниот раст на домашните потрошувачки цени што започна во ноември 2022 година и засилениот раст на БДП. Секако треба да се земат во предвид и растот на каматните стапки на меѓународните и домашните финансиски пазари и респонзивноста на фискалната и монетарната политика кои се значајни за одржување на ликвидноста на компаниите, доходот на домаќинствата и севкупната економска активност.

Сепак, неизвесноста за идната макроекономска динамика е и понатаму присутна поради можните негативни влијанија од воениот конфликт во Украина.

НЛБ Банка и понатаму делува во насока на поддршка на приватниот сектор во земјата, со што има значаен придонес во макроекономскиот и финансискиот амбиент на државата.

Банката во континуитет обезбедува поддршка на стопанството преку проширување на понудата за стартап - компаниите, учество во раните фази од процесот на создавање на стартап-компаниите, како и нивна дигитализација.

Дополнително, препознавајќи ги ризиците од климатските промени, Банката зазеде проактивен став преку дадениот акцент на „зелените кредити“ – кредитирање во области за производство на електрична енергија од обновливи извори, намалување на загадувањето и подобрување на животната средина.

Во фокусот на работењето на НЛБ Банка е дигитализацијата, преку унапредување на капацитетите на дигиталните канали со што ќе се обезбеди повисоко ниво на достапност на Банката и подобро искуство на клиентите како и поддршка на клиентите преку зајакнување на улогата на контакт-центарот. Дополнителен фокус е ставен и на проширување на палетата на производи и услуги преку продажбата на различни банкарски производи и зголемување на квалитетот на услугите со што се очекуваат уште подобри резултати во клучните сегменти од работењето на Банката.

Човечките ресурси во Банката како главен столб на квалитетното работење, како и на развојот на информативниот систем и понатаму ќе бидат стратешки цели на Банката.

## Известување за промени во сметководствените политики и методи

Во анализираниот период, нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување.

## Исплатени дивиденди

НЛБ Банка на ден 30.06.2023 година започна со исплата на дивиденда согласно Одлука за определување износ на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка. Вкупниот износ на дивиденда кој им се исплаќа на акционерите изнесува 2.076.222.291 илјади МКД. Износот на бруто дивиденда по акција изнесува 2.431,00 МКД.

## Вложувања или продажба на материјални средства (недвижности, постојки и опрема) или значителен отпис (поголем од 30% од вредноста на средството споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи).

Недвижностите и опремата заклучно со 30.6.2023 година бележат намалување од 2,4% споредено со 31.12.2022 година.

## Промени во кредитните задолжувања (намалувања или зголемување поголеми од 30% споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи).

Заклучно со 30.06.2023 година, (споредено со 31.12.2022 година) нема промени во кредитни задолжувања (намалувања или зголемување) поголеми од 30%.

Скопје, 28.07.2023 година НЛБ Банка Скопје